11126

ПОНЕДЕЛНИК, 22 СЕПТЕМВРИ 1969

# Предлози за октомвриски награди од областа на уметноста

Комисијата за давање предлози за највисоките награди од областа на уметноста „11 октомври", деновиве ја заврши работата и до Управниот одбор за доделување на наградите им достави свои предлози. Таа предложи девет имиња — седум за едногодишни награди, а две за награди за животно дело.

ЗА НАГРАДИ ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО Комисијата даде предлог за **Петре Богданов — Кочко** (музика) и **Вангел Коџоман** (ликовна уметност).

ЗА НАГРАДИТЕ ЗА ПОЕДИНЦИ СЕ ПРЕДЛОЖЕНИ: **Ѓорѓи Божиков**, за улогата на Цар Самуил во историската опера на Кирил Македонски, **Томислав Зографски**, за ораториумот „Пофалба Кирилу и Методију", **Георги Константинов**, за проектот на зградата за Историскиот архив на град Скопје, **Владо Малески**, за романот „Разбој", **Петар Хаџибошков**, за пет скулптури изложени на изложбата „Современа македонска уметност" во Белград, **Ристо Калчевски**, за самостојна изложба и **Бранко Михајловски**, за камерата во филмот „Републиката во пламен".

Во Комисијата за давање предлози за наградите од областа на уметноста годинава се наоѓаат Бранко Пендовски како претседател и членовите Петре Андреевски, Ацо Алексов, Петар Бошковски, Љубиша Георгиевски, Глигорие Гировски, Благоја Иванов, Илија Милчин, Спасе Кунoвски, Кирил Муратовски, Антоние Николовски, Трајко Прокопиев и Тома Прошев.

Овие денови дефинитивни предлози ќе достави и Комисијата за давање предлози за награди од областа на науката.

НОВА МАКЕДОНИЈА